*Градоначалник на Град Скопје*

Kryetari i Qytetit të Shkupit

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/24) и член 4 од Правилникот за начинот, условите критериумите и постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на настани, форуми, фестивали, манифестации, проекти и проектни активности од областа на локалниот економски развој бр.08-775/1 од 26.01.2026 година, а во врска со Програмата за активности од областа на локалниот економски развој на Град Скопје за 2026 година („Службен гласник на Град Скопје" бр. 14/25, 3/26 и 6/26), Градоначалникот на Град Скопје донесе:

# **Р Е Ш Е Н И Е**

## **за објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства за реализација на манифестацијата**

## **"Фестивал Модерно Скопје"**

1. Се утврдува потреба од објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства за реализација на манифестацијата "Фестивал Модерно Скопје", со цел развој, промоција и унапредување на туризмот, угостителството и трговијата од исклучително значење за градот Скопје.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## **О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Согласно член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24) утврдени се надлежностите на Градоначалникот.

Во член 4 од Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на настани, фестивали, манифестации, проекти и проектни активности од областа на локалниот

економски развој бр.08-775/1 од 26.01.2026 година, утврдена е постапката за доделување на финансиски средства.

Во Програмата за активности од областа на локалниот економски развој на Град Скопје за 2026 година („Службен гласник на Град Скопје" бр.14/25,3/26 и 6/26), преку објава на јавен повик ќе се реализираат фестивали, настани и манифестации од областа на туризмот и угостителството, ќе се поттикне туристички раст и промоција на Скопје како атрактивна и привлечна туристичка дестинација за забава, настани со музички содржини, промовирање на традиционалната кујна и стимулирање на угостителите кон квалитетна услуга.Во оваа насока се планира донесување на Решение за објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства за реализација на манифестацијата "Фестивал Модерно Скопје".

Целта на оваа манифестација е промоција на Градот како модерна европска престолнина но и промотор на модерната музика и модерните музички вредности кои ги живеат жителите на Скопје.

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот на Град Скопје одлучи како во диспозитивот на Решението.

**Изработил**

Виш соработник

Рукије Асани

**Контролирал/Одобрил**

Раководител на Сектор

Марина Мисајлески

**Број 08-** 8670/2

17-07-2026 **2026 година**

**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ**

**Орце Ѓорѓиевски**